*Друштво за ревизорски услуги*
***РЕВИЗИЈА И ФИНАНСИИ РИФ ДООЕЛ СКОПЈЕ,***
***ул.Чедомир Миндеровиќ бр.29, 1000 Скопје, Р.Македонија***
*тел:+389 2 3216247, / факс:+389 2 3216248*
*ЕДБ МК 4080010516976*
***Жиро сметка 300000003188426-Комерцијална банка АД***
*E-mail:* **rif_revizija@t-home.mk**

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на Република Македонија бр. 158/2010) Друштвото за ревизорски услуги РЕВИЗИЈА И ФИНАНСИИ РИФ ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст Друштвото), објавува

Друштво за ревизорски услуги
РЕВИЗИЈА И ФИНАНСИИ РИФ ДООЕЛ
Бр. 05-11/2014
13.05. 2014 год.
СКОПЈЕ

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2013 ГОДИНА*

**Содржина на извештајот:**

1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото
2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
3. Опис на управувачката структура на Друштвото
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем
5. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година
6. Изјава за независно работење на Друштвото со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на независноста и истите се спроведени
7. Изјава за политиката што ја следи Друштвото во текот на претходната година
8. Финансиска информација за вкупен приход
9. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

## *1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото*

Друштвото за ревизорски услуги Ревизија и финансии РИФ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Чедомир Миндеровиќ бр.29 Скопје е друштво со ограничена одговорност основано е од едно физичко лице. Основачот, кој е овластен ревизор, учествува со 100% во основачкиот капитал. Друштвото е основано со решение од Министерството за финансии на Република Македонија бр. 12-43815/2 од 22.12.2010 година.

Во 2013 година е добиена лиценца за работа со регистарски број на лиценцата .25 од Советот за унапредување и надзор на ревизијата од 27.12.2013 година.

Во друштвото се вработени двајца овластени ревизори, Николовска Соња со регистарски број на лиценца 155 и Роза Попова Ристевска со регистарски број на лиценца 140.

## *2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа*

Друштвото делува на територијата на Република Македонија и не е дел на професионални мрежи.

Друштвото од неговото основање е член на на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

## *3. Опис на управувачката структура на Друштвото*

Друштвото е запишано во трговскиот регистар како друштво со ограничена одговорност. Во својство на управител без ограничување управува основачот Николовска Соња – овластен ревизор.

## *4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем*

Системот на контрола на квалитет е воспоставен во согласност со барањата на Меѓународниот стандард за контрола на квалитет според кој од Друштвото се бара да воспостави систем на контрола на квалитет дизајниран на начин кој обезбедува разумно уверување дека фирмата и нејзините вработени се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања, и дека издадените извештаи се соодветни на околностите.

За да се исполнат овие барања, упавителот и вработените еднаш годишно даваат изјава дека се запознаени и се придржуваат на одредбите во Кодексот на етика особено оддел 290.6 кои се однесуваат на независноста.

Изјавуваме дека Друштвото доследно се придржува на овие барања.

Во текот на 2013 година не е вршена контрола на квалитет.

### *5. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во 2013година*

Друштвото во 2013 година има извршено ревизии на финансиски извештаи за 2012 година на следните правни субјекти:

- АЛСАТ – М ДОО
- ЕЛГОС ДОО
- ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ
- АДГ АБ
- АДГ ИЛИНДЕН
- ВЕВЕ ГРУП
- ТОПЛИНА ДООЕЛ
- ЕЛИНГ ДОО
- ПАВОР ДООЕЛ
- ПЗУГЛ ФИТОФАРМ
- ПЗУ АПТЕКА ФИТОФАРМ
- ФИТОФАРМ ДОО
- ТАБ МАК ДОО
- МИНЕРА ТРЕЈД ДОО
- ЈУС МБ ДООЕЛ
- МЕТОКА 2011
- КОТЕМА ДООЕЛ

### *6. Изјава за независно работење на Друштвото со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на независноста и истите се спроведени*

Согласно Прирачникот за контрола на квалитет на ревизијата на Друштвото за ревизорски услуги Ревизија и финансии РИФ ДООЕЛ Скопје се пропишани интерни процедури и истите се спровердуваат.

Управителот и сите вработени даваат писмена изјава дека се независни во однос на клиентот за кој се однесува ангажманот.

### *7. Изјава за политиката за континуирано професионално усовршување*

Друштвото изјавува дека согласно барањата на Законот за ревизија и Статутот на ИОРРМ, ги почитува актите и насоките на Институтот за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори.

Во текот на 2013 година овластените ревизори вработени во друштвото присуствуваа на обуките за континуирано професионално усовршување организирани од страна на Институтот на овластени ревизори во рамки на законски пропишаните часови годишна обука.

### *8. Финансиска информација за вкупен приход*

Остварениот приход во 2013 година изнесува
- од ревизорски услуги – 1.699.846,00 денари
- од други приходи – 369,00 денари
- вкупно – 1.700.215,00 денари

### *9. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор*

За извршените ангажмани ревизорите примаат месечна плата согласно законските прописи во Република Македонија.

Скопје 13.03.2014 г.

РИФ ДООЕЛ